1. Во една книжарница првиот ден се продадени 225 тетратки, а вториот ден 86 тетратки повеќе од првиот, по што во книжарницата останале уште 289 тетратки. Колку вкупно тетратки имало во книжарницата на почетокот?

2. Слика и рамка заедно чинат 840 денари. Сликата е 5 пати поскапа од рамката. Колку денари чини рамката, а колку сликата?

3. На Милка и се потребни 14 минути за да прочита една страна од книга. Вчера во 15:40 часот почнала да чита расказ напишан на 10 страници од книгата. Во текот на читањето направила пауза за одмор која траела 15 минути. Во колку часот Милка завршила со читањето на расказот?

4. Еден патнички воз има 9 вагони. Во сите вагони патувале по ист број патници. Колку патници патувале со возот, ако во 4 вагони имало 180 патници?

5. Една страна на триаголникот АВС е 35mm, втората е за 5mm поголема од првата, а третата е за 7mm помала од втората. Пресметај ја обиколката (периметарот) на триаголникот

6. Пресметај ја вредноста на изразот: $79\,348 + 6\,539 : 13 - 64 \cdot 84 : 28 =$

7. Кои цифри треба да стојат на местото на буквите А и Б за да биде точно одземањето?

АБ – БА = А

8. Жирафа, лав и антилопа имаат заедно 1 250 kg . Жирафата има за 250 kg поголема маса од лавот, а жирафата и лавот имаат за 250 kg поголема маса од антилопата.Колкава е масата на секоја од овие животни?

9. Во петаголникот ABCDE страната AB е еднаква со нејзините соседни страни,а несоседните страни на AB се за 2 cm поголеми од AB. Пресметај ги должините на страните на тој петаголник, ако неговиот периметар е 34 cm.

10. На цртежот се дадени четири фигури, формирани од еднакви кругови. Одреди го бројот на круговите на петтата фигура по ред формирана според истото правило.



11. Во изразот: 503 · 32 + 75 · 816 - 784 - 15 + 17 · 94, стави заграда така што решението ќе биде 15 488

12. Базен се полн со вода и се празни преку цевката преку која во тек на 12 минути излегува 1358 литри вода. Колку имало вода во базенот ако празнењето започнало во 8 часот и 50 минути, а завршило во 12 часот и 38 минути?.

13. Збирот на три броја е 840. Збирот на првиот и вториот од овие броеви е 463, а вториот и третиот број е 642. Одреди ги овие три броја

14. Во книжарница А и книжарница В вкупно има 7295 книги. Колку книги има во секоја книжарница ако се знае дека во книжарницата А има 4 пати повеќе книги отколку во книжарница В?

15. Членовите на една извидничка секција биле построени во 8 реда по 15 извидници. Од нив $\frac{1}{4}$ се IV одделение, $\frac{1}{3}$ V одделение и останатие од VI одделение. По колку извидници има од секое одделение?

16. Часовите на sчилиштето на Душан почнуваат во 8 часот. Откако ќе се разбуди, потребни му се 10 минути да се подготви и уште 10 минути да јаде. До училиштето оди пеш 25 минути и се вози со автобус 20 минути. Во колку часот најдоцна треба да се разбуди Душан за да стигне во училиште 15 минути пред почетокот на часовите.

17. Марија прави роденденска забава. Собата сакала да ја украси со балони во боја. Одбрала 10 црвени, 12 сини, 8 зелени и 9 жолти балони. Нејзината мајка и рекла дека може да земе 0,4 од црвените, една третина од сините, 50% од зелените и две третини од жолтите. Колку балони од секоја боја има Марија на роденденот?

18. На 6 дрва имало 129 птици.Во еден момент од првото дрво одлетале 6 , од второто 11, од третото 8 ,од четвтото 10 ,од петтото дрво 7 птици и од шестото дрво 9 птици.Тогаш на секое дрво останале ист број на птици.Колку птици имало на почетокот на секое дрво?

19. Во тетратката Сара нацртала sвездички чиј број формирал бројна низа. На првиот лист нацртала 45 sвезди. На вториот лист нацртала 54 sвезди. На третиот лист нацртала 63 sвезди, а на четвртиот 72 sвезди и на петтиот нацртала 81 sвезда. Колку sвезди нацртала на шестиот лист?

20. Сара секој ден добивала по 50 денари џепарлак од своите родители. Секоја среда Сара ја чувала својата братучетка за што добивала по 300 денари. Колку пари заработила Сара за 10 недели?

21. Првиот собирок е најголемиот четирицифрен број, другиот е 5986, а третиот е еднаков на збирот на најголемиот трицифрен број и следбеникот на бројот 9980. Пресметај го збирот на трите собироци

22. Три групи ученици береле праски. Првата група собрала 1150kg, втората група собрала 250kg повеќе, а третата група 348kg помалку отколку првата и втората група заедно. Колку килограми праски собрале трите групи заедно?

23. Земјоделското стопанство подготвило 450 тони детелина и 1260 тони сено за исхрана на стадото преку зимата. Во пролетта им останало 1/5 од детелината и 1/6 од сеното. Колку вкупно тони детелина и сено е потрошено преку зимата?

24..Во еден ресторан биле однесени гајби сок. Првиот ден биле продадени 943гајби сок, а вториот ден 846 гајби сок. Непродадени останале учте 1623 гајби сок. Коку гајби сок биле однесени во ресторанот?

25. Во четири реда имало лозници. Во првите три реда имало ист број садници во секој ред. Во последниот ред имало 24 лозници повеќе отколку во првите три реда. По колку лозници има во секој ред ако има вкупно 560 лозници?

26. Фабриката за преработка на зеленчук откупила 4288 тони домати 2256 тони пиперки. Доматите ги спаковала во сандаци од по 8 килограми, а пиперките во сандаци од по 6 килограми. Во колку сандаци биле распределени доматите и пиперките?

27. Тројца другари треба да поделат извесна сума пари. Првиот треба да земе 204 денари, вториот 3 пати повеќе од него, а третиот колку половина од првиот и четвртина од вториот заедно. По колку денари добил секој од нив?

28. Маја забележала дека бројот на пораките што ги праќала формираат бројна низа. Таа во август пратила 1 порака, во септември пратила 2 пораки, во октомври пратила 4 пораки и во ноември пратила 8 пораки. Колку пораки пратила Маја во декември?

29. Петар, Иван и Златко треба да поминат околу оградата на нивните ниви за да проверат дали има оштетување. Нивните огради имаат обиколи од 50m. 58m и 64m. Во 14 часот тројцата земјоделци почнале да ги проверуваат оградите. Потребна е една минута за да се провери 1метар од оградата.

а) Во колку часот секој од земјоделците ќе заврши со проверување на неговата ограда?

б) Дали некој од земјоделците ќе заврши пред три часот попладне?

30. Рамнокрак триаголник има периметар од 26cm. Неговата основа е 10cm. Над неговата основа од надворешната страна е нацртан квадрат, а над едниот крак од надворешната страна е нацртан правоаголник со страни: должина еднаква со должината на кракот, а ширина еднаква со основата на триаголникот. За колку плоштината на квадратот е поголема од плоштината на правоаголникот?

31. Марта вели: „ Јас собрав три непарни броеви и мојот збир е 30”. Дали тврдењето на Марта е точно? Образложи!

32. Најголемиот парен петцифрен број составен од цифрите 4, 7, 8, 9, 5 преполови го, а потоа на добиениот количник додади го најмалиот непарен број од седмата стотка на петтата илјадарка од втората десетка.

33. Еден полжав паднал во бунар длабок 30 метри. Почнал да се искачува за да излезе од бунарот. Преку ден се качувал 3 метри, а преку ноќ се лизгал наназад 2 метри. За колку дена полжавот ќе излезе од бунарот?